Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма за проектните активности во гимназиското образование за подрачјето *Странски јазик*.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА

# ПОДРАЧЈЕ СТРАНСКИ ЈАЗИК

ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2018

# 1. ВОВЕД

Проектната активност како специфичен вид на едукативна активност произлегува од потребата учениците да ги согледаат сопствените способности, интереси и афинитети (индивидуално и во група), од можноста за истражување, примена на стекнатите знаења во пракса и сатисфакција од реализирањето на проектната задача како крајна цел. Притоа во процесот на реализација на проектната активност учениците развиваат одредени карактерни особини: индивидуалност, иницијативност, способност за организација, визија за избор на задача, флексибилно размислување за пронаоѓање квалитетно решение, ангажираност, дисциплина и способност за тимска работа.

Проектните активности од подрачјето *Странски јазик* им нудат можности на учениците за продлабочување на нивните знаења и вештини стекнати во рамките на воспитно-образовниот процес и пошироко, како и надградба на нивните комуникативни, социокултурни и интеркултурни компетенции.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОЕКТНАТА АКТИВНОСТ

### 2.1. Општа цел

Целта на проектната активност од подрачјето *Странски јазик* е да им овозможи на учениците да ги искажат своите знаења, вештини, способности и афинитети од самостојно избирање на тема, преку мотивираност и ангажирање, изнаоѓање начини и барање најдобри извори и решенија, до финална изработка на проектната задача.

### 2.2. Конкретни цели

Ученикот/ученичката:

- да развива јазични, комуникативни, интеркултурни компетенции;
- да ја почитува многујазичноста и да ја збогатува општата и јазичната култура;
- да формира критички однос кон својата и другите култури;
- да ја почитува различноста меѓу својата и другите култури и традиции;
- да почитува човекови права и да развива пацифистички дух;
- да развива дух за тимска работа;
- да развива чувство за креативност и оригиналност;
- да се оспособува да истражува, селектира и анализира податоци.

## 3. ОБЛАСТИ И ТЕМИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ

Проектната активност од подрачјето *Странски јазик* ги опфаќа следниве области, кои се однесуваат на јазикот и културата на земјите во коишто се говори странскиот јазик (англиски, француски, германски, руски и италијански јазик):

а) Креативно пишување
б) Театарски активности
в) Дебатен клуб
г) Музички клуб

## а) Креативно пишување

| Теми[1] | Цели | Активности |
|---|---|---|
| Младите и нивниот свет<br><br>Стереотипи (возраст, пол, занимање и сл.)<br><br>Табу теми<br><br>Предизвици во современиот свет<br><br>Мобилноста на младите<br><br>Животна средина<br><br>Образовниот систем и неговата ефикасност<br><br>Младите и интеркултурните вредности (толеранција, обичаи, традиции, култура, цивилизација...)<br><br>Човековите права и одговорности<br><br>Морални вредности<br><br>Дом, семејство, соживот<br><br>Уметност, литература, медиуми | Ученикот/ученичката:<br><br>-да развива креативен дух и оригинални идеи;<br><br>-да развива способност за истражување;<br><br>- да развива способност за структурирање на мислите;<br><br>-да развива способност за презентирање на своите трудови;<br><br>-да ја зајакне сопствената самодоверба. | Активности:<br><br>-игра на зборови;<br><br>-пишување автобиографски раскази;<br><br>-пишување пародии на познати сказни;<br><br>-пишување текстови за изведба на едночинки и театарски претстави;<br><br>- читање и дускусија за трудовите на соучениците;<br><br>-вежби за естеттско читање и за рецитирање;<br><br>-средби со писатели;<br><br>-посета на културни манифестации;<br><br>-изработка на новинарска статија;<br><br>-изработка на училишен весник; |

[1] Темите се дадени како пример, оставјќи  можност за личен избор и дополнување, согласно интересот на учениците.

| | | |
|---|---|---|
| Личности – истакнати претставници од различни области<br><br>Дигитален свет | | -претставување на трудовите пред поширокатa јавност (преку учество на патрониот празник на училиштето, на конкурски, на разни манифестации);<br><br>-изработка на постери.<br><br>Методи:<br>- вербален метод: усно прзентирање на својот труд;<br>- документациски метод: пишан извор на информација (работа на текст, метод на читање, метод на интерпретација);<br>- набљудувачко-истражувачки методи: набљудување, забележување, обележување, откривање, истражување, пребарување;<br>- демонстрациски метод: покажување на слики, цртежи и аудио и видео снимки;<br>-операциски методи: метод на илустративна практична работа (реализација на проект), метод на творечка  работа (разни форми на писмена кореспонденција и други форми на писмено изразување);<br>- метод на работа со компјутерска технологија: пребарување. |

## б) Театарски активности

| Теми | Цели | Активности |
|---|---|---|
| Литературни дела од класични и современи автори од културата на соодветниот странски јазик, како извор на теми | Ученикот/ученичката:<br><br>-да развива способност за говорна интеракција и усна комуникација во конкретен социокултурен контекст;<br><br>-да го развива афективниот домен од личноста;<br><br>-да се оспособи за невербална комуникација;<br><br>-да развива спсосбност за внимателно слушање на неговите/нејзините соученици и на самиот/самата себеси;<br><br>-да развива креативен и творечки дух;<br><br>-да развива вештини за организација;<br><br>-да развива чувство за тимска работа;<br><br>-да развива чувство за културни разлики;<br><br>-да ја зајакне сопствената самодоверба. | Активности:<br>-пишување сценарио за едночинка/театарска претстава;<br>-избирање и адаптирање на текстови за изведба на едночинки/театарски претстави;<br>-вежби со користење пантомима и мимика;<br>-вежби за ритам, интонација, дикција и правилен изговор;<br>-увежбување на улогите за изведба на едночинки/театарски претстави;<br>-поставување на сцена за изведба на едночинки/тетарски претстави (костими, декор...);<br>-претставување пред поширока јавност (преку учество на патрониот празник на училиштето, на конкурски, на разни манифестации);<br>-соработка со режисер од театар;<br>-соработка со актер од театар;<br>-посета на театарски претстави.<br><br>Методи:<br>- вербални методи: монолошки метод на искажување ставови, дијалошки или метод на разговор (дебата); |

| | | |
|---|---|---|
| | | - документациски метод: пишан извор на информација (работа на текст, метод на читање, метод на интерпретација);<br>- набљудувачко-истражувачки методи: набљудување, забележување, обележување, откривање, истражување, пребарува Активности:<br>-пишување сценарио за едночинка/театарска претстава;<br>-избирање и адаптирање на текстови за изведба на едночинки/театарски претстави;<br>-вежби со користење пантомима и мимика;<br>-вежби за ритам, интонација, дикција и правилен изговор;<br>-увежбување на улогите за изведба на едночинки/театарски претстави;<br>-поставување на сцена за изведба на едночинки/тетарски претстави (костими, декор...);<br>-дискусија во врска со посетена претстава.<br>- демонстрациски методи: покажување на слики, цртежи и аудио и видео снимки;<br>- метод на работа со компјутерска технологија: пребарување. |

## в) Дебатен клуб

| Теми | Цели | Активности |
|---|---|---|
| Младите и нивниот свет<br><br>Стереотипи (возраст, пол, занимање и сл.)<br><br>Табу теми<br><br>Предизвици во современиот свет<br><br>Мобилноста на младите<br><br>Животна средина<br><br>Физичкиот изглед и предрасудите<br><br>Здравје, спорт, рекреација<br><br>Идеално училиште<br><br>Човековите права и одговорности<br><br>Морални вредности<br><br>Дом, семејство, соживот<br><br>Уметност, литература, медиуми<br><br>Интеркултурни вредности (толеранција, обичаи, традиции, култура, цивилизација...) | Ученикот/ученичката:<br><br>-да развива вештини за организирање на сопствените мисли;<br><br>-да развива чувство за тимска работа;<br><br>-да развива способности за пишување и за одржување говори;<br><br>-да развива емпатија и толеранција кон ставови поинакви од неговите/ нејзините;<br><br>-да развива логички и критички начин на размислување;<br><br>- да ги развива своите јазични и социокултурни компетенции;<br><br>-да развива спсосбност за внимателно слушање на неговите/нејзините соученици и на самиот/самата себеси;<br><br>-да ја зајакне својата самодоверба и чувство на сигурност. | Активности:<br><br>-прикажување дебата на видео;<br><br>-групирање и селектирање аргументи;<br><br>-пишување говор;<br><br>-подготовка за дебата;<br><br>-презентирање сопствени ставови и аргументирање;<br><br>-вежби за јавни настапи;<br><br>-подготовка за натпревари.<br><br>Методи:<br>- вербални методи: монолошки метод на искажување ставови, дијалошки или метод на разговор (дебата);<br>- документациски метод: пишан извор на информација (работа на текст, метод на читање, метод на интерпретација);<br>- набљудувачко-истражувачки методи: набљудување, забележување, обележување, откривање, истражување, пребарување;<br>- демонстрациски метод: покажување на слики, цртежи и аудио и видео снимки; |

| | | |
|---|---|---|
| Личности – истакнати претставници од различни области<br><br>Дигитален свет<br><br>Јавен говор | | - метод на работа со компјутерска технологија: пребарување. |

## г) Музички клуб

| Теми | Цели | Активности |
|---|---|---|
| Музичко творештво од истакнати претставници од областа на музиката од културата на соодветниот странски јазик | Ученикот/ученичката:<br><br>-да го развива афективниот домен од личноста;<br><br>-да искажува чувства користејќи јазик кој не е негов мајчин јазик;<br><br>-да се изразува на експресиен начин на јазик кој не е негов мајчин јазик;<br><br>-да развива чувство за културни разлики;<br><br>-да развиваат чувство за тимска работа;<br><br>-да развива способност за пишување текстови за песни и за изведување мелодии;<br><br>-да развива креативен и творечки дух;<br><br>-да ја зајакне сопствената самодовербата и индивидуалноста. | Активности:<br><br>-креирање на текстови и композиција за песна;<br>-увежбување на песни<br>изведување на вокален и инструментален перформанс;<br>-посета на музички настан<br>-соработка со институции.<br><br>Методи:<br>- вербален метод:<br>интерпретација на песни;<br>- документациски метод: пишан извор на информација (работа на текст, метод на читање, метод на интерпретација);<br>- набљудувачко-истражувачки методи: набљудување, забележување, обележување, откривање, истражување, пребарување;<br>- демонстрациски методи: покажување на аудио и видео снимки;<br>- метод на работа со компјутерска технологија: пребарување. |

# 4. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТНАТА АКТИВНОСТ

## 4.1. Организација на времето/часовите

Годишниот фонд на часови за реализација на проектната активност од подрачјето *Странски јазик* изнесува 35 часа, од кои:

- една третина од фондот на часови е предвидена за консултативни средби за давање насоки, упатства, сугестии, совети и следење на работата на учениците;

- две третини од фондот на часови се предвидени за индивидуална и групна работа на учениците и презентирање на изработената проектната активност.

Часовите предвидени за реализација на проектната активност влегуваат во фондот на часови на наставникот, но не се дел од редовниот распоред на учениците.

## 4.2. Улога на наставникот

Проектната активност поради својата специфичност бара од наставникот со својата менторска улога да изнаоѓа нови и разновидни методолошки решенија за постигање на целта: вештина за добра организација, помош при формирање на групи, помош или сугестии при изборот на области или теми, инструктивна помош на ученикот (групата), советодавна помош во текот на подготовките на проектната задача, неформална и послободна комуникација и поголема доверба со учениците. Во процесот на реализација на проектната активност, наставникот има улога на организатор, водич, координатор и набљудувач на работата на учениците.

## 4.3. Обврска и активности на ученикот/ученичката

Во проектните активности акцентот се става на ученикот/ученичката, кој/која избира област/тема по сопствен избор. Ученикот/ученичката е обврзан/а да избере проектна активност согласно своите афинитети и желби и истата да ја реализира во текот на едно полугодие; да ги следи упатствата на наставникот и да соработува со наставникот, другите ученици од групата- при групна активност, по потреба со други наставници, лица од стручната служба во училиштето, со стручни лица надвор од училиштето, со институции од областа на културата, образованието, уметноста, медиуми и сл. Ученикот/ученичката во процесот на реализација на проектната активност од самостојно избирање на темата до финалната презентација на проектната задача има обврска доследно, ангажирано и организирано да истражува, бара различни можности и решенија за успешно завршување на проектната задача.

## 5. СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на проектните активности по странски јазик се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- собирање показатели (ученички проекти, индивидуални практични задачи, извештаи за реализирани активности на ученикот, изработена конкретна документација, индивидуални домашни задачи) за придонесот на секој ученик посебно;

- тековни (формативни) однапред подготвени евалвациони листи за секој ученик/ученичка посебно кои се изработуваат по конкретната негова активност. Согласно природата на програмата за проектна активност од подрачјето *Странски јазик*, постигнувањето на ученикот/ученичката може да се реализира практично, со презентација, постигања и резултати од тимска работа, покажан интерес и активно учество на часовите. Секој ученик/ученичка мора да ја реализира програмата за проектна активност од подрачјето *Странски јазик*, во спротивно не може да му/и биде издадено свидетелство за завршена година.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВНИОТ КАДАР

Проектните активности од подрачјето *Странски јазик* може да ги изведува лице со:

1. Завршени студии по странски јазик* и литература - наставна насока, VII 1 или 240 ЕКТС.
2. Завршени студии по странски јазик* и книжевност – наставна насока, VII 1 или 240 ЕКТС.
3. Завршени студии по странски јазик* - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII 1 или 240 ЕКТС.

*Англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик, италијански јазик.

## 7. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за проектните активности во гимназиското образование за подрачјето *Странски јазик*, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Арх. Бр. 12-11336/2
4.10.2018 година

**Министер**

___________________________

**Dr. Arbër Ademi**

Изготвиле: м-р Афродита Давко, Весна Попова, м-р Кети Димковска, м-р Зора Бушовска, Ѓулај Исаки Усеини, Весна Торбовска-Василевска
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор